



# Расчистување на градската околина:

## „Изнаоѓање одржливи решенија за елиминација на дивите депонии преку имплементација на Архуската Конвенција"



**Само информирана и инволвирана јавност може да има активна улога во превенцијата на формирање на диви депонии.**

## ИСТОРИЈАТ

Дивите депонии сериозно и се закануваат на животната средина околу македонскиот град Свети Николе. Општината треба да развие долготрајно решение со цел елиминација на дивите депонии, што подразбира поголемо вклучување на јавноста и нејзино запознавање со системот на управување со отпад од страна на локалната самоуправа. Активностите на проектот формираа механизми за обезбедување на информации за јавноста, зголемување на свеста за прашањата поврзани со отпадот и вклучување на жителите во процесот на донесување на одлуки во врска со отпадот.

**РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА**
*средина за Централна и Источна Европа*

**Водечка НВО**
Еколошко Друштво
„Izgrev"- Свети Николе

**Координатор на проектот**
Владимир Гилев

**Информации за контакт на НВО**
Ул. Моша Пијаде бр.3
2220 Свети Николе,
Македонија
Тел: (+389-32) 444-600
Факс (+389-32) 444-660
Е-маил: edi@edi.org.mk

## ЗАДАЧИ

Проектниот тим има за цел да:

- Ја информира јавноста за ситуацијата со цврстиот отпад, служејќи се со принципите на Архуската Конвенција;
- Ги охрабри граѓаните, со помош на методот за учество на јавноста одреден со Архуската Конвенција, да учествуваат во процесот на донесување на одлуки, за изнаоѓање на соодветни решенија за проблемот со отпадот;
- Да изработи стратегија за управување со отпад со широко учество на јавноста; и
- Иницира процедура  за донесување на Просторен План на Р. Македонија и  Национална студија за управување со цврст отпад во Собранието на Р. Македонија.

## МЕТОДОЛОГИЈА

За да ги постигне своите цели, проектиот тим:

- дистрибуираше летоци и весник со информации за прашања поврзани со отпадот;
- ширише информации преку еко паноа и зелена телефонска линија;
- прибираше мислења и посети по систем "врата на врата" за да се охрабрат граѓаните да учествуваат во процесот на донесување на одлуки; и
- организираше дебати помеѓу граѓаните за можните решенија за ослободување на отпадот.

## ДОСТИГНУВАЊА

Тимот успеа да:

- ги информира граѓаните за проблемите кои се појавуваат од дивите депонии;
- ги вклучи граѓаните во процесот на изнаоѓање решенија за проблемите со отпадот;
- оранизира јавна расправа за предлог стратегијата за управување со цврст отпад;
- поднесе предлог стратегија за управување со цврст отпад за Свети Николе до градското собрание; и
- издејствува изгласување на меморандум на соработка помеѓу локалната власт и НВОи.

## СЛЕДНИ АКТИВНОСТИ

Проектниот тим продолжи да работи на активностите за справување со отпадот и придонесе кон усвојување и имплментација на национална стратегија за управување со отпад.



